# ПРОГРАМА ЗА СТРУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА УЧИЛИШНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА ВТОРА ГОДИНА ОД СОУ *ЃОРЧЕ ПЕТРОВ* - КРИВА ПАЛАНКА

**Дводневна екскурзија:** Крива Паланка – Гостивар (с.Вруток) – Вевчани - Струга – Битола – Крушево – Крива Паланка (дводневна –април/мај)

**1. Воспитно-образовни цели**:

* усвојување и проширување на знаењата на учениците од областа на: историја, географија, македонски јазик и литература, уметност, урбана култура, иновации и претприемништво, меѓуетничка култура итн.

* развивање на различни интереси и ставови преку непосредно запознавање со појавите и односите во природата и општествената средина во согласност со воспитно - образовната работа во училиштето.

**2. Воспитно образовни задачи :**

* развивање на позитивен однос кон националните, етничките и научните вредности на нашата држава;

* запознавање на знаменитости, архитектури, уметности во нашата држава;

* запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на Република Северна Македонија

* формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства;

* поттикнување на позитивни емоции, другарување, социјализација, подобро заемно запознавање;

* развивање на позитивни, иновативни и креативни идеи со претприемничко однесување;

**3. Содржини и активности:**

*** Училишната екскурзија е предвидена со Годишната програма за работа на училиштето и во планирањето на екскурзијата се вметнати сите податоци кои се бараат во правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии.**

**Училишната екскурзија ќе биде реализирана преку следниве содржини и активности:**

**Прв ден:** Собирање на групата и тргнување кон Струга со модерен туристички автобус. Патувањето е преку Скопје, Тетово и Гостивар. Пристигнување и посета на село Вруток и изворот на реката Вардар. Се продолжува кон Струга со попатни посета на село Вевчани и Вевчанските извори. Во попладневните часови пристигнување во Струга, сместување во хотел. Вечера. Диско забава. Ноќевање.

**Втор ден:** Појадок. По појадокот заминување кон Битола со попатна посета и разгледување на археолошкиот локалитет Хераклеа.

Во попладневните часови групата се упатува кон Крушево со попатна посета на Мечкин Камен, споменициte од Илинденското востание, Гробот на Тоше Проески со спомен - музејот на Гумење.

Заминување за Крива Паланка и пристигнување во вечерните часови.

**4. Времетраење**: за реализацијата на екскурзијата се планирани два дена. Планиран термин за реализација на екскурзијата месец април или почеток на мај 2020 год.

**5. Техничка организација:**

* потпомогната од стручен тим за изведување на екскурзии;

* комисија за прибирање на понуди за организација на екскурзии;

* агенција избрана на јавен оглас, се бара најповолна понуда, цена и број на рати;

* превозот на учениците да биде со високо - туристички автобус и за време на екскурзијата да има постојано присуство на лекар и турстички водич.

**6. Начини на финансирање:**

Финансирањето е самофинансирање на секој ученик. Доколку агенцијата е во можност да обезбеди бесплатна екскурзија за неколку социјално - загрозени лица;

* задолжително да бидат понудени најмалку 4 рати за исплата на екскурзијата;

* во цената на екскурзијата се пресметани следниве услуги:

- автобуски превоз со модерен туристички автобус на наведената релација
- ноќевање во Струга на база полупансион (појадок/вечера)
- една диско забава
- Влезници и посета на сите културно-историските споменици и локалитети
- лекар за цело време на патување
- пратител на патувањето
- организација и водство на аранжманот

* секоја група од 20 ученика да биде придружувана од еден професор

**Раководители на екскурзијата**:

1. Помошник директор, Елена Ѓорѓиевска ___________________
2. Одговорен професор на втора година, Слаѓана Вучевска Петковска ___________

**Раководители на паралелки:**

1. Лиле Стојановска __________________
2. Горица Вучевска ___________________
3. Зоран Цветковски __________________
4. Мартин Стаменковски _______________
5. Блаже Максимовски ________________
6. Горица С.Мицовска ________________
7. Влатко Цветковски _________________

- Од раководителите на паралелка одат тие што имаат најголем број на ученици кои одат на екскурзија.

________________2019 год.

Крива Паланка

Директор

Габриела Стаменковска

____________________________